Република Македонија
бр. ____________________
__________ Скопје

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Име на материјалот: Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по Договорот за заем за Прв програмски заем за развојни политики за конкурентност, по скратена постапка

Усогласеност со Програмата на Владата: Во согласност со Програмата на Владата на Република Македонија

Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата: ДА

Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:
На првата наредна седница на Владата

Доверливост на материјалот: НЕ

Итност на материјалот: ДА

Прилог:

- Образец за фискални импликации и Образец за проценка на влијание на регулативата
- Договорот за заем (на македонски и англиски јазик)

| | |
|---|---|
| Дата на доставување на материјалот:<br><br>Скопје,______.2012 година | ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА И МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ<br>м-р Зоран Ставрески<br><br>___________________________ |

изработил: Наташа Лазаровска
контролирал: Кристина Павловска
согласен: Дејан Николовски
одобрил: Сузана Пенева
Наташа Стојмановска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

М Е М О Р А Н Д У М

Предлог на Закон
за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по Договорот за заем за Прв програмски заем за развојни политики за конкурентност, по скратена постапка

__________________________________
м-р Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада на Република Македонија и министер за финансии

Скопје, __________ 2012 година

Изработил: Наташа Лазаровска
контролирал: Кристина Павловска
согласен: Дејан Николовски
одобрил: Сузана Пенева
Наташа Стојмановска

ПРЕТСТАВНИЦИ:
м-р Зоран Ставрески,  заменик претседател на Влада и министер за финансии
г-дин Недим Рамизи, заменик министер за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ:
Наташа Стојмановска, државен секретар, Министерство за финансии
Сузана Пенева, државен советник, Министерство за финансии
Дејан Николовски, раководител на Сектор, Министерство за финансии

Предлог на Закон
за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по Договорот за заем за  Прв програмски заем за развојни политики за конкурентност, по скратена постапка

Скопје, _________ 2012

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
бр. __________
од __________ Скопје

До Претседателот на Собранието
на Република Македонија

Врз основа на член 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, членовите 132, 137 и 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по Договорот за заем за Прв програмски заем за развојни политики за конкурентност, по скратена постапка што го утврди на седница ________________________________________.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени, м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии и Недим Рамизи, заменик министер за финансии, а за повереници Наташа Стојмановска, државен секретар, Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии и Дејан Николовски, раководител на Сектор за меѓународни финансиски односи и управување со јавен долг во Министерството за финансии.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
м-р Никола Груевски

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Првиот програмски заем за развојни политики за конкурентност од Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка ќе и биде доделен на Република Македонија во износ од 38.7 милиони ЕВРА (еквивалент на 50 милиони САД долари) и истиот се очекува да биде повлечен во една транша до крајот на 2012 година. Целта на овој заем е да се обезбедат средства за буџетска поддршка.

Клучните активности кои ќе се поддржат со овој заем се поделени во четири области и тоа:

(1) Развој на производство со висока додадена вредност;

(2) Олеснување на преструктуирањето на земјоделскиот сектор;

(3) Подобрување на ефикасноста на услугите на трговската логистика;

(4) Воспоставување флексибилност на пазарот на труд, развој на вештини и иновација.

На 22-ри октомври 2012 година, во Канцеларијата на Светската Банка во Скопје беа одржани преговорите со претставници на банката, за склучување на Договор за заем за Првиот програмски заем за развојни политики за конкурентност.

На 29-ти ноември 2012 година, Бордот на Извршни Директори на Светската банка ќе го одобри Првиот програмски заем за развојни политики за конкурентност.

Условите кои Владата на Република Македонија ги исполни за проектот да биде презентиран пред Бордот на Извршни Директори на Светската банка, а кои се дел од Договорот за заем се следните:

Услов 1. Усвојување на Законот за изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони со кои на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и се дава законска надлежност да дава едношалтерски услуги за издавање на одобренија за градење и одобрение за употреба за објектите на корисникот на технолошката индустриска развојна зона, услуги за грижа на корисниците на технолошките индустриски развојни зони и назначување на три члена во Управниот одбор на Дирекцијата кои ќе го претставуваат приватниот сектор.

Услов 2. Усвојување на Стратегија за промоција на извозот која:

- ќе содржи акционен план за програми за поддршка на извозниците и
- во Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија ќе се основа одделение за промоција на извозот.

Услов 3. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да воспостави функционален електронски систем за управување со земјиштето во кои се опфатени сите договори за закуп на државно земјоделско земјиште;

Услов 4. Владата на РМ да ја усвои повеќегодишната Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој 2013-2017 со која: (i) барем 25% од средствата буџетирани за оваа Програма се условени со придржување на корисниците кон Кодот за добри земјоделски практики и (ii) зголемувње на средствата алоцирани за структурни и инвестициони мерки на 25% од вкупните средства алоцирани за времетраење на Програмата;

Услов 5. На Царинската управа да и се даде овластување за координиција на инспекциите на различните инспекциски органи на клучните гранични премини;

Услов 6. Царинската управа да почне да објавува квартални податоци за времето на чекање за завршување на царинските формалности и инспекции на клучните гранични премини;

Услов 7. Министерството за транспорт и врски да отпочне со дистрибуција на годишните ЦЕМТ дозволи преку систем што им дава приоритет на возилата со ЕУРО 4 и ЕУРО 5 емисиони стандарди;

Услов 8. Усвојување на Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност со кој се дефинираат невработените како активни баратели на работа и правилата според кои се утврдува што се квалификува како активно барање работа.

Услов 9.Усвојување на Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци и на Законот за дополнување на Законот за странците со кои ќе се рационализираат постапките за издавање визи и работни дозволи за странци.

Датум на завршување на проектот е 28 јуни 2013 година.

Со цел склучување на Договорот за заем, потребно е да се донесе Закон за задолжување согласно постапката за задолжување со склучување на Договор за заем утврдена во Законот за јавен долг ("Службен весник на Република Македонија"бр. 62/05, 88/08 и 35/11).

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:

Целта на овој заем е да се обезбедат средства за буџетска поддршка.

Основно начело врз основа на кое се заснова овој предлог на Закон е обезбедување на финансиски средства преку реализација на Првиот програмски заем за развојни политики за конкурентност.

Оттука, Република Македонија и Светската банка ќе склучат Договор за заем наменет за реализација на Првиот програмски заем за развојни политики за конкурентност, во износ од 38.7 милиони ЕВРА.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Вкупната вредност на заемот од Светската банка изнесува 38.7 милиони ЕВРА.

Заемот ќе биде доделен на Република Македонија под следните услови: рок на отплата 18 години со вклучен грејс период од 5 години и каматна стапка шестмесечен ЕУРИБОР со варијабилен распон, како и подеднакви износи на отплата кои ќе се плаќаат двапати во годината, почнувајќи од 1 февруари 2018 година, заклучно со 1 август 2030 година. Заемот ќе се отплаќа семестрално, секој 1-ви февруари и 1-ви август во годината.

Согласно прописите на Меѓународната банка за обнова и развој, Република Македонија како заемобарател има обврска да и плати на Меѓународната банка за обнова и развој еднократна провизија - трошок во износ од 0.25% од износот на заемот (Front-end-fee). Оваа провизија за Проектот изнесува 96.750 ЕВРА и ќе биде платена еднократно од средствата на заемот.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во точка 3 погоре и во Образецот за фискални импликации даден во прилог на овој материјал.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ- СВЕТСКАТА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРВ ПРОГРАМСКИ ЗАЕМ ЗА РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, односно не е е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по Договорот за заем за Прв програмски заем за развојни политики за конкурентност да се донесе по скратена постапка.

Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по Договорот за заем за Прв програмски заем за развојни политики за конкурентност

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка со заем во износ од 38.700.000 ЕВРА, наменет за реализација на Првиот програмски заем за развојни политики за конкурентност.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем за Првиот програмски заем за развојни политики за конкурентност, кој ќе се склучи помеѓу Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка.

Во име на Република Македонија, Договорот за заем од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од член 1 од овој закон е 18 години, со вклучен грејс период од пет години.

Каматната стапка е шестмесечен ЕУРИБОР со варијабилен распон.

На денот на повлекувањето на средствата од заемот, Република Македонија ќе и плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка еднократна провизија во износ од 0,25 % од износот на заемот.

Заемот ќе се отплаќа на 26 полугодишни рати, на секој 1-ви февруари и 1-ви август во годината. Од 1-ви февруари 2018 година до 1-ви февруари 2030 година ќе се отплатат 25 полугодишни рати секоја во износ од 3.85 % од износот на заемот, додека на 1-ви август 2030 година ќе се отплати последната рата во износ од 3.75 % од износот на заемот.

Член 4

Корисник на средствата од заемот од член 1 на овој закон е Министерството за финансии.

Член 5

Република Македонија, заемот од член 1 на овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ:

Вкупната вредност на заемот од Светската банка изнесува 38.7 милиони ЕВРА.

Со цел склучување на Договорот за заем, потребно е да се донесе Законот за задолжување согласно постапката за задолжување со склучување на Договор за заем утврдена во Законот за јавен долг ("Службен весник на Република Македонија"бр. 62/05, 88/08 и 35/11).

Целта на овој заем е да се обезбедат средства за буџетска поддршка.

Започнувајќи од денот на првото повлекување на средства од заемот, Република Македонија ќе и плати на Светската банка еднократен надоместок (Front-end fee), во износ од 0,25% од износот на заемот, односно 96.750 ЕВРА.

Рокот на отплата на заемот изнесува 18 години со вклучен грејс период од 5 години и каматна стапка шестмесечен ЕУРИБОР со варијабилен распон. Дополнително, постои можност и за фиксно утврдување на каматната стапка.

Поради итноста на потребата за склучување на Договорот за заем со цел обезбедување на средства за буџетска поддршка, овој закон треба да влезе во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Договорот за заем.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Рокот за стапување во сила на Договорот за заем е деведесет (90) дена од денот на потпишувањето на Договорот за заем.

ОБРАЗЕЦ
ЗА ПРОЦЕНКАТА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ
ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| Назив на предлогот:<br>Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по Договорот за заем за Првиот програмски заем за развојни политики за конкурентност, по скратена постапка | 2. Министерство / Орган на управа:<br><br>Министерство за финасии | |
| Цел на предлогот:<br>Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по Договорот за заем за Првиот програмски заем за развојни политики за конкурентност, по скратена постапка | Вид na предлог:<br><br>Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по Договорот за заем за Првиот програмски заем за развојни политики за конкурентност, по скратена постапка | |
| Контакт лице и звање:<br>Сузана Пенева, државен советник | Контакт тел / факс или електронска пошта:<br><br>тел: 3106 454<br>suzana.stoimceva@finance.gov.mk | |
| Активност | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Вид на барање: | () регулатива во врска со ЕУ<br><br>( ) Друга нова регулатива | ( **X** ) Нова програма<br><br>()Зголемување/намалување на постоечка програма | ( ) Прераспределба (на средствата) меѓу две програми<br><br>( ) Спојување на две или повеќе програми |

8. Цел на барањето/ предложената активност: Целта на овој заем е да се обезбедат средства за буџетска поддршка.

9.Врска со владината програма:

| 10.Фискални импликации | (илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 11.575,24 | 16.312,60 | 16.312,60 |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Г. Расположливи | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| Д. Нето импликации на средствата на органот (C-D)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ѓ. Зголемување/намалување на приходите | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Е. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор:<br><br>**Заем од Светската банка** | 2.380.050 | | | |
| 11.Нето зголемување/намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | | | | |
| 12.Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата ( а кои не се НАВЕДЕНИ ВО ТОЧКА 11 А и 11 Г) | Светската банка ќе одобри заем во износ од 38.700.000 ЕВРА кој ќе се сервисира согласно условите кои се дефинирани со Договор за заем за финансирање на Првиот програмски заем за развојни политики за конкурентност. | | | |
| 13. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната | | | | |

| | |
|---|---|
| фискална година година и надвор од нормалниот циклус на подготвување, дајте образложение | |
| 14.Дата на завршување на проценката | |
| 15. Дата на донесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | |
| 16. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | |
| 17.Измени побарани од Министерство за финансии: | |
| 18.Одговор на Министерството - предлага: | |
| 19. Одговор од Министерство за финансии: | |
| 20.Дали мислењето на Министерство за финансии е дадено во прилог: | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 21.Одобрен/ дата:<br><br>__________________<br>Потпис на државен секретар или директор на орган | /10/2012<br>Ден / месец / год. | __________________<br>Потпис на Министерот | /10/2012<br>Ден/ месец / год. |

изработил: Наташа Лазаровска
контролирал: Кристина Павловска
согласен: Дејан Николовски
одобрил: Сузана Пенева